ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 04-6967/9
24.08.2018 20 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул."Петар Дељан" бр.17, 1000 Скопје, Република Македонија, тел. ++389 2 2785-400; факс: ++389 2 2785 471
www.kiselavoda.gov.mk / contact@kiselavoda.gov.mk

Врз основа на член 54 од Закон за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе

ОДЛУКА

за избор на 1 извршител-кандидат за административен службеник за работното место раководител на одделение за комунални работи, инфраструктура и сообраќај во Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина преку Интерен оглас бр.04/2018

1.За работното место раководител на одделение за комунални работи, инфраструктура и сообраќај во Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина во Општина Кисела Вода преку Интерен оглас бр.04/2018 се избира кандидатот Славко Митовски.

2.Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа Одлука , по конечноста на Одлуката за што ќе се донесе посебно решение за распоредување.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за селекција за унапредување формирана со Решение бр.04-6967/6 во врска со Интерен оглас бр.04/2018 за работното раководител на одделение за комунални работи, инфраструктура и сообраќај во Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина изготви Записник од административната селекција бр.04-6967/7 и Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-6967/8 заради спроведување на интервју.Согласно Записник од административната селекција бр.04-6967/7 на огласот единствен пријавен кандидат е Славко Митовски кој ги исполнува условите и продолжи на интервју. Согласно Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник бр.04-6967/8 заради спроведување на интервју Комисијата изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат. Врз основа на приложената документација, Градоначалникот на Општина Кисела Вода изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука:Против ова решение може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на одлуката на веб страната на Општина Кисела Вода.

изработил:
Далибор Стојановски

Контролирал/одобрил:
Секретар на Општина Кисела Вода
Александар Алексовски

**Градоначалник**
**на Општина Кисела Вода**
**Филип Темелковски**

Доставено до
-Архива
-именуваната
-Сектор за управување со човечки ресурси и ИТ